**20110511390**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07- 2058/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008 и 167/10), во членот 12 став (1) алинејата 4 се брише.

Член 2

Членот 33 се брише.

Член 3

Вработените во Агенцијата за развој и инвестиции кои ги вршат работите кои се однесуваат на наплатата на побарувањата и намирување на обврските во делот на кредитното портфолио, се преземаат во Министерството за финансии, а вработените кои ги вршат работите кои се однесуваат на извршување на развојните и инвестиционите активности, се преземаат во Министерството за економија. Останатите вработени кои нема да бидат преземени во Министерството за финансии и Министерството за економија се преземаат во Агенцијата за управување со одземен имот.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон Министерството за финансии ги презема просториите во кои е сместена Агенцијата за развој и инвестиции.

Опремата, документацијата и другите средства за работа на Агенцијата за развој и инвестиции кои се во врска со вршењето на работите од страна на вработените од ставот (1) на овој член кои се преземаат во Министерството за финансии се преземаат во

Министерството за финансии. Побарувањата и намирувањата на обврските во делот на кредитното портфолио од Агенцијата за развој и инвестиции ги презема Министерството за финансии.

Опремата, документацијата и другите средства за работа на Агенцијата за развој и инвестиции кои се во врска со вршењето на работите од страна на вработените од ставот (1) на овој член кои се преземаат во Министерството за економија се преземаат во Министерството за економија.“

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 36/11) престануваат да важат одредбите на членовите 22 став 2 и 65 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кои се однесуваат на Бирото за лекови.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.